АСОЦИЈАЦИЈА за GS1 стандарди
GS1 МАКЕДОНИЈА

# Извештај за работа
# на GS1 Македонија во 2014 година

Мај 2015 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

# за работа на GS1 Македонија во 2014 година

Програмата на активностите на GS1 Македонија за 2014 година, која Управниот одбор ја утврди, а Собранието на GS1 Македонија ја усвои и донесе, е реализирана во целост, со фокусирање на :

1. ***Тековна работа со членките***
2. ***Проект Акредитација***
3. ***Проект GEPIR***
4. ***Проект GS1 Logger for staff***
5. ***Меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија***
6. ***Проект за имплементација на GS1 стандардите во Здравствениот сектор***
7. ***Проект GS1 Каталог***
8. ***Проект EDI***
9. ***Проект GLN регистар***
10. ***Проект Верификација на квалитетот на бар кодовите***
11. ***Проект GS1 DataBar***
12. ***Едукативни активности***

## 1. Тековна работа со членките

Во текот на 2014 година, во активностите на GS1 Македонија доминираше тековната работа со фирмите.

Доминантен број на членките, околу 90%, се мали и средни фирми. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2014 година иста, одн. доминираат секторот преработувачка индустрија (најголем дел производство и преработка на прехранбени производи, пијалоци) и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50%, додека учеството на останатите сектори е минимално.

Постигнатите резултати се презентирани сумарно.

Во текот на 2014 година, **издадени се вкупно 145 Решенија за доделување на Единствен матичен GS1 број**. Од вкупниот број издадени решенија, **109 се однесуваат на новозачленети фирми**, 2 фирми го реактивирале GS1 бројот, 16 го преотстапиле GS1 бројот на друга фирма, 15 фирми го прошириле капацитетот, а 3 го намалиле капацитетот. Од 109 новозачленети, 27 фирми се со капацитет за баркодирање до 10 различни артикли, 69 фирми се со капацитет за баркодирање до 100 различни артикли, 10 фирми се со капацитет за баркодирање до 1.000 различни артикли, 2 фирми со капацитет до 10.000 артикли и 1 фирма со капацитет до 100.000 артикли. Излегувајќи во пресрет на желбите и потребите на нашите членки и ценејќи ја економската моќ на нашето стопанство, креиравме нов пристап при потребата од проширување на капацитетот за баркодирање, со тоа што овозможивме доделување на нов GS1 број од

истиот опсег, за разлика од претходното решение кога членката мораше да земе GS1 број со повисок капацитет. На тој начин ги намаливме финансиските издадоци на фирмата. Ова решение се покажа како многу позитивен исчекор на GS1 Македонија кон приближување на реалните потреби и можности на македонските компании наши членки. Од **15 членки кои го прошириле капацитетот**, 1 членка со капацитет за 10 GS1 броја, го проширила својот капацитет со уште еден GS1 број за 10 артикли; 4 членки кои користат капацитет за 100 GS1 броја, го прошириле капацитетот за по уште еден GS1 број за 100 артикли; 1 фирма со капацитет од 1.000 GS1 броја го проширила капацитетот со уште еден GS1 број за 1.000 артикли; 1 фирма која користи капацитет од 1.000 GS1 броја, го проширила капацитетот со нов GS1 број за 10 артикли. Исто така, 1 фирма проширила капацитет од 10 на 100 GS1 броја; 2 фирми прошириле капацитет одн 100 на 1.000 GS1 броја; 3 фирми прошириле капацитет на 1.000 GS1 броја, но ги откажале старите GS1 броеви и извршиле пребаркодирање на сите постоечки артикли со новите броеви ( 1 фирма со капацитет од 10 GS1 броја и 2 со капацитет од 100 GS1 броја).

Потпишани се вкупно **138 Договори за членство во GS1 Македонија** и тоа по основ на: новозачленување 101, преотстапување на GS1 број 16, проширување на капацитет 15, реактивирање 2, намалување на капацитет 3, обновуваање на договор 1.

Со сите новозачленети фирми со кои е потпишан Договор за членство, при предавањето на целокупната документација, се обавува основна **едукација** за основните правила и начела на функционирањето на GS1 системот и за правилната и веродостојна примена на GS1 стандардите, со посебен акцент на спецификите на дејноста која фирмата ја обавува.

Во делот на обуката е и објаснувањето за **калкулаторот** - апликацијата на новата услуга која GS1 Македонија ја пружа на своите членки со изготвување на листа на сите можни баркодови кои фирмата во текот на своето работење може да ги користи, во зависност од одбраниот капацитет (од 10-100.000 баркодови). Оваа услуга високо ја оценуваат членките, бидејќи им се олеснува работата во процесот на имплементирање на баркодовите, а воедно GS1 Македонија обезбедува поквалитетна и доследна примена на GS1 стандардите и принципите за баркодирање во Републиката. Обезбеден е двоен бенефит: за производителите - дека изготвениот баркод е точен, производот подготвен за национална и меѓународна дистрибуција, имаат евиденција за сите аплицирани баркодови, а за трговците - дека нема да имаат проблеми со дуплирани или неквалитетни баркодови, со што се зголемува нивната брзина на евидентирање на наплатните места, одн. се зголемува продуктивноста и ефикасноста во работата и се остварува поголем профит.

Како еден сегмент од едукацијата, за поедини извозно ориентирани фирми е дадена стручна помош при изготвување на **логистичка етикета** во процесот на следливоста, зададени како задолжителен услов од странските купувачи при реализација на извозот.

Континуирано се остварува **комуникација со членките** преку сите можни средства на комуникација, давани се стручни совети и објаснувања, потсетувано е за измирување на обврската за членарина и ажурирање на базата на GS1 Македонија со нови податоци.

Решавање на проблемот со нередовното подмирување на обврските е приоритетна задача на Стручната служба во континуитет со години наназад, па така и во 2014 година се преземени опсежни активности, со цел „чистење” на базата, одн. добивање реална

слика за состојбата со активните членки и реални извештаи за фактурирана и наплатена реализација. За таа цел испратени се и 125 последни опомени пред исклучување, после кои видливо се зголеми наплатата.

Во текот на 2014 година испратени се вкупно **1.104 фактури** за подмирување на тековната годишна членарина со опомена за неплатените фактури за изминатите години. **Фактурираната реализација е со тенденција на зголемување и со состојба на 31.12.2014 изнесува 86% (од 1.104 испратени ф-ри, наплатени се 944, а ненаплатени 160 фактури или 14%).**

Процесот на континурано зголемување на наплатата на тековното фактурирање од осамостојувањето на Асоцијацијата, се гледа од следните податоци: во 2010 година е 54%, во 2011 год. е 67%, во 2012 е 75%, во 2013 е 80% и во 2014 е 86%.

## 2. Проект Акредитација

Воспоставениот систем во 2007 година на Сертифицирана Акредитација е **во светски рамки уникатна, оригинална и сопствена креација на GS1 Македонија**.

Тоа е модел за утврдување и промоција на успешноста и деловната етика на фирмите членки на GS1 Македонија.

Со системот на акредитација се обезбедува популаризирање и видливо промовирање на членките кои редовно ги подмируваат своите обврски по основ на членарина. Членувањето во GS1 системот, согласно принципите на Меѓународната GS1 организација е доброволно, поради што, освен статутарните одредби на GS1 Македонија не постои друга позитивна национална законска регулатива која ја регулира оваа материја во корист на GS1 Македонија.

Поради непостоење на законски санкционен механизам со кој членките на GS1 Македонија би се анимирале да ги подмируваат обврските по основ на членарина, **системот на Акредитација создава и промовира интерен механизам за зголемување на наплатата на членарината.**

На web сајтот на GS1 Македонија е поставена листа на акредитирани членки. Со web промоцијата на акредитираните членки е зголемен интересот на членките да се најдат на позитивната листа, односно поажурно да ја подмируваат тековно фактурираната и заостаната членарина.

Системот на Сертифицирана Акредитација наметнува дополнителни ангажмани и административни процедури на Стручната служба на GS1 Македонија, но компензацијата е во задоволството на членките, нивните пофалби и зголемување на наплатата на членарината.

Во 2014 година издадени се на членките на GS1 Македонија кои редовно ја подмируваат членарината или се новозачленети, вкупно **1019 плакети на Акредитација** за едногодишно сертифицирано користење на доделениот Единствен матичен GS1 број, по квартали од денот на зачленувањето, со посебно изготвени пропратни писма и решенија за секоја членка пооделно.

За GS1 Македонија се остварени големи бенефити, на национално ниво - формиран е

механизам за редовно подмирување на членарината и заштита на брендот, а на меѓународно ниво - со интернационализацијата на Проектот Акредитација и негова промоција, иницирани се низ светот слични проекти со цел заштита од фалсификување и нелегитимно користење на баркодовите.

## 3. Проект GEPIR

Овој проект од 2006 година, продолжи со неговата реализација и во 2014 година. Сите активни членки на GS1 Македонија се '"видливи" и "препознатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 2 милион компании. Членките се особено задоволни што GS1 Македонија им овозможува бесплатна интернет промоција 365 дена, 24 саати дневно, им создава реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, придонесува за сузбивање на сивата економија, фалсификати и др. Со ажурирање на податоците на нашите активни и неактивни членки, GS1 Македонија спремно влезе и во европскиот GS1 Logger for Staff.

## 4. Проект GS1 Logger for Staff

Од 2014 година GS1 Македонија активно се вклучи во новиот проект на GS1 in Europe ***GS1 Logger for Staff (Лоџер за вработените).*** Со помош на апликација на мобилни телефони се скенира одреден производ на полица на маркетот, се поврзува со меѓународниот регистар GEPIR од каде се добива информација за валидноста на бар кодот, се поврзува со мапата на GOOGLE и се добива информација за локацијата на сопственикот на баркодот ( производител или дистрибутер кој го означил производот со свој бар код и е одговорен за квалитетот на производот). На тој начин се промовира сопственикот на бар кодот и се проверува легитимноста на бар кодот. Сите вработени во GS1 организациите имаат можност на терен да ги проверат баркодовите на производите кои се наоѓаат во маркетите во однос на нивната валидност и да преземат адекватни мерки доколку пронајдат фалсификуван или невалиден/неакредитиран/ не во GEPIR каталогот/ производител или дистрибутер.

## 5. Меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Маквдонија

Во извештајниот период значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија, и тоа преку:

- Написи објавувани во електронските списанија на GS1 Global Office;
- Написи објавувани на web сајтот на GS1 Македонија;
- Написи објавувани на GS1 е-ИНФО и по е-маил испраќани секој месец до преку 1.500 наши читатели;
- Реализација на проектот АКРЕДИТАЦИЈА;
- Реализација на проектот GEPIR;

- Организирање на семинари, работилници;
- Работни посети на наши членки низ целата Република;
- Публицистичка и издавачка дејност;
- Едукативни активности.

### *5.1 Мвѓународна афирмација*

Ажурно и континуирано е остварувана соработка со GS1 Global Office и GS1 in Europe и подготвувани извештаи за активностите по одделни проекти.

GS1 Македонија учествуваше во работата на GS1 Global Forum 2014 (Брисел, Белгија, февруари 2014), на 26-та Меѓународната конференција за здравство (Копенхаген, Данска, октомври 2014) и на GS1 in Europe Regional Forum 2014 (Ница, Франција, ноември 2014). Изготвени се извештаи од сите настани, со сублимирани бенефити и со предлог идни активности, кои како резултат на добиените информации и нови сознанија се предложени на Управниот одбор, преточени во пракса низ подобрување на квалитетот на работењето на GS1 Македонија, креирање нови услуги за членките и зголемување на членството.

На GS1 Global Forum 2014 -Брисел, Белгија, февруари 2014, добиено е Интернационално признание за превземените активности на GS1 Македонија за континуирано учество во кампањата за популаризацијата на прославата на 40-та годишнина на GS1 Global Office и освоено трето место во конкуренција на 111 земји членки на GS1 од целиот свет . На истиот Форум презентиран е и успешно завршениот Пилот проект „Со GS1 DataBar следливост до самото наплатно место" и добиени меѓународни пофалби. Сублимиран приказ на Пилот проектот е објавен и во сите информативни гласила на GS1 Global Office, што придонесе за голема меѓународна промоција на GS1 Македонија и сите македонски компании учеснички во Пилот проектот.

На меѓународната средба на GS1 организациите од балканските земји во Белград, 24-25 април 2014 година, GS1 Македонија се претстави со свои 3 проекти: Акредитација, Верификација на бар кодовите и GS1 DataBar. Колегите од балканските GS1 организациите искажаа пофалби за нашите активност и пројавија интерес за нашите искуства, особено за Акредитацијата, како самостојна и уникатна креација на GS1 Македонија во светски рамки и за GS1 DataBar –от, кој е прв таков проект во овој дел од Европа.

На меѓународната конференција за RFID технологијата учествуваше и GS1 Македонија (Загреб, Хрватска, 6-7 мај 2014). Се стекнавме со нови сознанија за оваа најиновативна, најсофистицирана технологија за означување на производите и со практичната примена во разни области и искуствата на другите земји во имплементацијата на RFID.

### *5.2 Нациоанална афирмација*

GS1 Македонија со својата проактивна улога, со креирање на постојано нови услуги и максимална посветеност кон задоволувања на потребите и барањата на членките се' повеќе станува партнер од доверба во Република Македонија, и тоа не само во индустрискиот сектор, туки и во еминентни институции, асоцијации, регулаторни тела,

болници. За одбележување е фактот што по зачленувањето во 2012 година на Стопанската комора на Македонија и Специјалната болница за хирургија „Филип Втори", членки на GS1 Македонија во 2013 година станаа и: ЈЗУ Универзитетската клиника за детски болести, Самостојниот синдикат на клинички центар, Софтверската куќа Дата Лаб, новиот мобилен оператор АЛБАФОНЕ, како и 25 фирми од областа на здравството, првенствено за одбележување на медицинските помагала по GS1 стандарди, а во 2014 година наша членка стана и ЈЗУ Универзитетската клиника за Радиологија и Онкологија. Во сите случаи станува збор за ексклузивни членки, први во регионот и пошироко. Тие ја согледаа полезноста од примената на GS1 стандардите и ги воведуваат во целокупното нивно работење.

За поголема национална афирмација придонесе и прославата на **20-годишниот јубилеј на GS1 Македонија - 25 јуни 2014 година**, Хотел Александар Палас, Скопје, со учество на 80 претставници од нашите членки, гости и медиуми. По тој повод беше издадена публикацијата ***„Нашите први 20 години"*** и доделени плакети и благодарници на фирмите за нивно континуирано 20 годишно членување и на фирми учесници во наши успешни проекти за имплементација на GS1 стандардите во нивното работење.

Кон зголемување на нациоаналната препознатливост на GS1 Македонија како деловен партнер од доверба, клучна улога имаа креирањето на GS1 Каталогот и директните посети на терен кај нашите членки и промоцијата на услугите кои ги нудиме, со внесување на податоците за производите во каталогот.

Позитивни ефекти на зголемување на националната афирмација има и креирањето едукативни текстови во електронското списание кое секој месец го испраќаме до 1.500 електронски адреси.

### *5.3 Зголемвно користење на web сајтот на GS1 Маквдонија*

Web сајтот на GS1 Македонија се' помасовно се користи од сите заинтересирани - потенцијалните и постојните членки. Корисниците многу високо ја оценија и ја дефинираа како голема помош во нивната едукација во оваа област, лесна достапност до бараните услуги, бидејќи презентираните содржини се прилагодени на нивните потреби и нивото на информатичката опременост. Со тоа е зголемена видливоста на GS1 Македонија, олеснето е зачленувањето, а членките создадоа навика на негово користење при дневната имплементација на GS1 стандардите. Сите преведени стручни материјали се објавени на web сајтот.
Посетеноста на веб страницата во континуитет се зголемуваше. Бројот на нови посетители е зголемен за 50%. Во 2014 година сајтот го посетиле над 3.000 посетители и прегледале ококу 25.000 страници. Кон негово зголемено користење во второид половина од годината придонесе полуларизацијата на нашата нова услуга за членките - GS1 Каталогот.

### *5.4 Публицистичка и едукативна дејност*

Публицистичката програмска активност е реализирана со подготовка, изработка и издавање на поголем број брошури со основни упатства и одделни стручни прашања за правилната примена на GS1 системот на стандарди, особено во областа Следливост, Здравство, Транспорт и логистика, EDI, RFID, GS1 DataBar, GDSN, GS1 Каталог, кои се

поставени на web сајтот на GS1 Македонија, достапни за користење до најшироката јавност, а воедно се ставени и на CD, кои се даваат на членките при посетите и маркетинг активностите.

Во 2014 година беа изготвени 8 брошури (5 преведени од светската организација и 3 самостојни брошури), флаери со различни содржини за промоција на услугите од GS1 Македонија и настаните, видео материјали (преведени и адаптирани на македонски јазик). Во континуитет се преведуваат текстови и во вид на едукативна информација се обликуваат во списание кое секој месец се доставува по електронски пат до 1.500 адреси. Имаме добиено многу честитки и пофалби за полезноста на овие едукативни текстови од страна на нашите читатели на GS1 е-ИНФО.

Креирани се нови 2 специјални микросајта и поставени на нашата web страна за:

***GS1 вврификација на баркодови; Нашите први 20 години по повод јубилејната прослава.***

Креиран е сосема нов и засебен веб сајт **GS1 КАТАЛОГ (** www.gs1katalog.mk**).**

Едукативната дејност перманентно се одвива со секоја новозачленета фирма преку индивидуално концепирани обуки во зависност од дејноста на фирмата и нејзините потреби за баркодирање, при што се врши и презентација на правилната примена на GS1 стандардите и се даваат техничко - технолошки упатства за баркодирањето на призводите. На барање на одделни фирми се врши и дополнителна едукација и се пружа помош при имплементирање на специфичните видови бар кодови, како и обука за правилно пополнување на GS1 Каталогот.

## 6. Проект за имплементација на GS1 стандардите во здравствениот сектор

Со цел запознавање на пошироката јавност со бенефитите кои ги овозможува новата генерација на бар кодови GS1 DataMatrix-от, кој најголема примена има во здравствениот сектор, на 21 март 2014 GS1 Македонија одржа семинар на тема: ***„GS1 DataMatrix- иднина на баркодирањето во Здравството"***. Тоа е прв семинар во Република Македонија на кој беа презентирани теоретски и практични примери на успешна примена на GS1 DataMatrix, како бар код на иднината во здравството.

Актуелноста на темата привлече голем број заинтересирани за новите трендови во здравствениот систем и ги исполни очекувањата и поставената цел на семинарот. За тоа зборува фактот на преку 100 еминентни учесници од сите сектори на Здравствениот систем: од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Бирото за лекови, Клиники и болници, Лекарска комора, производни фирми и дистрибутери на фармацевтски производи и медицински помагала, како и ИТ куќи кои се застапени со софтверски и хардверски решенија за имплементацијата на стандардите во Здравството.

Поздравно обраќање до присутните имаше г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GSI Македонија со осврт на придобивките кои ги имаат сите корисници на глобалните стандарди, задржувајќи се особено на GS1 DataMatrix -от, како бар код на иднината.

Семинарот свечено го отвори М-р.фарм. Катерина Алексоска, директор на Бирото за лекови со поздравниот говор во кој ја потенцираше успешната, плодната и ефикасната

долгогодишна соработка со GS1 Македонија. Со пофални зборови се изјасни за сите досегашни многубројни едукативни активности на GS1 Македонија, кои придонесоа за зголемувањето на свесноста на сите учесници во здравствениот сектор и фармацијата за неопходноста од имплементацијата на светските стандарди во нивното работење, што е еден од клучните фактори од кои зависи успешноста на реформските зафати кои ги имплементира Министерството за здравство, во насока на стандардизација и интегриран информатички систем во здравствениот сектор во Република Македонија, поради задолжителното прилагодување кон европската и светската легислатива во овој сектор.

Во рамките на проектот за интегрирано здравство, Бирото за лекови го надополни регистарот на лекови и медицински помагала со сите GS1 кодови на медицинските помагала и лековите кои се регистрирани во Р.М, при што беа внесени повеќе од 240,000 GS1 кодови на медицински производи.

Министерството за здравство при реализација на својот проект за интегрирано здравство, во голема мера ги користи GS1 баркодовите за да создаде база на сите регистрирани лекови и медицински помагала и потрошен материјал.

Во работниот дел од семинарот со свои видео презентации настапија :

- Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија на тема „GS1 Глобални стандарди за подобрена безбедност на пациентот и зголемена ефикасност во синџирот на снабдување"
- Никола Димовски, директор на ИТ&Т секторот во Алкалоид АД, на тема: „GSIDataMatrix-запознавање, сегашност и иднина"
- Васил Карев, менаџер за деловни решенија во Логин Системи, на тема: „Примена на GS1 DataMatrix решение во здравствени организации" (конкретно во специјалната болница Филип Втори).

## 7. Проект GS1 Каталог

Како една од препораките од сите претходни GS1 семинари и форуми, како и еден од клучните столбови на GS1 системот на стандарди е развојот на Глобална мрежа на синхронизирани податоци (Global Data Synchronization Network - GDSN). По направените анализи на потребите на пазарот и интересот на компаниите членки за приклучување во овој проект во 2013 година, тимот на GS1 Македонија од февруари 2014 година (по одржаниот Глобален форум) започна со развој на сопствен електронски каталог на сите производи означени со македонски бар код. По извршеното развивање на веб базираниот систем, во мај 2014 година официјално стартуваше новиот веб сајт (бета верзија) за електронскиот каталог GS1 Каталог, кој што беше промовиран и на прославата за 20 годишнината на GS1 Македонија на 25 јуни 2014 година.

Во временскиот период до промоцијата се вклучија поголемите бренд компании кои внесоа мал број на производи од нивниот асортиман, како знак за поддршка на проектот. Приближно 15 компании внесоа 115 производи во оваа тест фаза.

Од јули до септември 2014 година се работеше на корекција и дополнување на електронскиот каталог преку овозможување на дополнителни функционалности за

корисниците кои внесуваат податоци, посебен пристап и интерфејс за маркетите за пребарување и селектирање на податоците за производите, систем за автоматско дневно известување на маркетите за внесените податоци, креирање на листи од производи во PDF/Excel/Word/JSON/XML формат, како и форми за пребарување по различни критериуми.

Каталогот беше преведен на англиски јазик, со цел да биде достапен за поширока група на корисници. Податоците за производот може да се внесуваат на повеќе јазици, а во одредени случаи се користат различни технологии доколку производот не е внесен на англиски јазик за да корисникот сепак може да ги добие податоците кои се од интерес.

Од септември 2014 година до декември 2014 година, тимот на GS1 Македонија интензивно работеше со своите членки на терен. Низ градовите во Републиката обавени со посети и обуки на членките за користење на каталогот, како и асистенција при внесувањето и промената на податоците. Поради недостиг на човечки ресурси кај фирмите, 90% од внесените производи се од страна на тимот на GS1 Македонија. Со заедничка работа, беа постигнати следните резултати:

| Месец | Вкупен број на активни фирми | Вкупен број на внесени производи |
|---|---|---|
| јули 2014 | 15 | 115 |
| август 2014 | 20 | 334 |
| септември 2014 | 73 | 448 |
| октомври 2014 | 128 | 1064 |
| ноември 2014 | 150 | 1587 |
| декември 2014 | 230 | 1900 |

Каталогот е поддржан од 5 маркети (Тинекс, Веро, Кит-го, Жито и Скопски пазар) и во моментов се работи на овозможување преку веб сервис директно да ги добиваат податоците во рамките на нивните ERP системи.

Посетеноста на веб страницата исто така се зголемуваше на месечно ниво, со зголемувањето на бројот на посетители (од 216 во јули до 1000 посетители во ноември). Воедно, земајќи во предвид дека просечното време на останување на веб страницата е 8 минути е потврда дека постои интерес кај online посетителите за овој начин на дистрибуирање на податоците во електронска форма. Најголем број од посетите се од Македонија (90%), по што следуваат Србија, Франција, Бугарија, Германија, Хрватска, итн.

## 8. Проект EDI

По првото имплементирање на електронска размена на податоци ( нарачка и испорака) меѓу маркетите и компаниите во 2012 година како резултат на успешно завршениот

Пилот проект на GS1 Македонија, известен период не можеше да продолжи овој проект со исто темпо. Причината беше што настанаа внатрешни проблеми и измени на персоналот кај компанијата на странскиот провајдер на EDI, кој беше вклучен во Пилот проектот.

Во 2014 година се даде нов импулс за заживување на овој проект. Имено, нашата членка СИГМА СБ изготви систем за електронска размена на податоци по GS1 стандарди, следејќи ги правилата дадени со GS1 XML и успешно изврши размена на податоци (порачка за нарачка и испорака) меѓу млекара Здравје Радово и ВЕРО. Овој систем продолжува да се развива и се проширува со вклучување на нови компании, па дури и да се врши замена на претходните системи за размена на податоците кај фирмите кои учествуваа во Пилот проектот со овој нов систем за EDI.

## 9. Проект GLN регистар

GS1 Македонија веќе има креирано база на податоци со GLN-овите од компаниите членки. Всушност, секоја компанија со нејзиното зачленување освен опсегот на бар кодови (10,100,1000,...) добива и главен GLN број со кој се означува компанијата во GS1 системот. Овој број се регистрира во посебната база, заедно со останатите основни податоци за компанијата. Одредени компании (Тинекс, Веро) имаат доделено GLN-ови на објекти (магацини, маркети) кои што исто така се регистрирани во базата на податоци.

На меѓународната средба на GS1 организациите од балканските земји во Белград, 24-25 април 2014 година, беше поттикната идејата овие податоци, кои ги има секоја GS1 организација да преминат во GLN регистар кој што ќе биде видлив на интернет. GS1 Србија веќе имаше креирано ваков регистар на компании и изврши промоција на истиот.

## 10. Проект Верификација на бар кодовите

Во 2014 година се работеше интензивно на промоција на оваа услуга. GS1 Македонија одржа семинар заедно со нејзината членка поддржувач на GS1 системот, ФОРМА ДООЕЛ Куманово на 20.02.2014 на тема: ***„Иновативни технологии за индустриско маркирање и кодирање на производите, за подобра следливост во склад со GS1, ISO, HACCP и BRC стандардите“*** *- со промоција на производите на светската компанија Videojet International и нејзиниот партнер во Република Македонија - ФОРМА Куманово.*

Презентацијата беше наменета за сите компании од било која индустрија во Р.Македонија кои своите производи треба да ги обележат со датум, рок на траење, шаржа и бар код. Во склоп на презентацијата беа прикажани најразлични решенија за индустриско маркирање на компанијата Videojet Technologies (инк-џет, термал-трансфер, LCM, и ласер, нивната применливост во процесот на производство, а GS1 Македонија ги запозна присутните со новата услуга за верификација на бар кодови како постапка за утврдување на квалитетот на изготвениот бар код симболот во согласност со GS1 и ISO стандардите.

По набавката на два верификатори за проверка на квалитетот на GS1-13, GS1-8, GS1-128, GS1 DataBar и GS1 DataMatrix бар кодовите, во Македонија имаше ограничен интерес за оваа услуга. Во март 2014 година беше извршена обука на одговорно лице од

GS1 Македонија во Брисел за верификацијата. По неговото враќањето беа изготвени брошури и флаери, како и новодизајнирани извештаи по шаблоните од GS1 глобалната организација. При посетите на компаниите и при обуките за новозачленетите фирми им беше укажувано на потребата од проверка на квалитетот на бар кодовите и им беа давани промотивните материјали. Во средината на 2014 година беа одржани состаноци со Тинекс и Веро на кои начелно беа почнати преговори да маркетите побараат од сите дистрибутери (или во почеток од дистрибутерите на производи со најпроблематични бар кодови) да задолжително ги верификуваат бар кодовите во GS1 Македонија, со цел да се укаже на грешките во изработката на бар кодот и да се елиминира непотребното чекање на каса поради неможност за читање на бар кодот.

Во 2014 година започнавме и со промотивните активности за бесплатна верификација на бар кодовите на новите членки при нивното зачленување.

## 11. Проект GS1 DataBar

На Глобалниот Форум во Брисел, февруари 2014, претставен е нашиот Проект пред меѓународаната GS1 заедница и од раководителите на GS1 Global Office доби пофалби и предизвика огромен интерес кај другите организации, па постојано бараат од нас да им ги пренесеме нашите искуства во врска со Проектот.

Во текот на 2014 година проектот е надограден со додавање на дополнителни апликатори во структурата на GS DataBar-от за реализација на дисконт на цената на производот. Тоа го имплементираше Сигма СБ во продавнивите на Промес. Првичните резултати се многу позитивни, бидејќи целокупното производство се распродава пред истекот на рокот ( кој е многу кус за месото) и не се враќа на повторна доработка, со што производителот остварува голема заштеда.

## 12. Едукативни активности

Во континуитет се обавуваат едукативните активности со ново зачленетите фирми, како и со нашите членки по нивно барање за специфична проблематика.

1. Обуките за новозачленетите фирми се спроведоа преку видео презентации на следните теми:

- ✓ Носители на податоци во GS1 системот на стандарди
- ✓ Идентификациони клучеви-основа на GS1 системот (GTIN, GLN, SSCC)
- ✓ GS1-128 бар код симбол и идентификациони апликатори
- ✓ GS1 Логистичка етикета
- ✓ Следливост
- ✓ Нова генерација на бар кодови : GS1 DataBar, GS1 DataMatrix и нивната примена
- ✓ GS1 Каталог и негово пополнување
- ✓ ЕУ Регулативата 1169/2011

2. Спроведени се и обуки со членките на GS1 Македонија во вид на **интерактивни работилници** во просториите на GS1 Македонија, со цел да им се помогне во имплементацијата на GS1 стандарди во нивното работење и разрешување на

тековни проблеми за спроведување на следливост и правилен начин на воведување на кодификација во хиерархија на пакување.

3. Од септември 2014 започнавме со интензивно спроведување обуки на наши членки со директна посета и вметнување на податоците за нивните приоизводи во GS1 Каталогот, при што се и обучуваат одредени лица од фирмата за понатамошно користење и ажурирање со нови податоци, што е од особена важност за негово масовно користење во иднина. На терен е работено со 250 компании наши членки во градовите: Св.Николе, Штип, Виница, Гевгелија, Тетово, Гостивар, Куманово, Велес, Кавадарци, Неготино, Струмица, Битола, Ресен, Кичево, Струга и Скопје.

**Извршен директор,**

С. Милутиновиќ

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Бр. 02-109/3
06.05.2015
Скопје